*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-182*
*11.09.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- на север по осовина на река Отиње
- на запад по осовина на ул.„Тодор Коларов"
- на исток по граница на наменски зони и осовина на крак на ул.„Генерал Михајло Апостолски"
- на југ по осовина на ул.„Сутлак" до мултимедијален центар „Киро Глигоров"

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар

Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 33436,94m2.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 1 октомври 2024 (вторник) до 30 октомври 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 15 окомври (среда) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги доставаат своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку

информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk